Центар
за истражување
и информирање
за животна средина
„ЕКО-СВЕСТ“ СКОПЈЕ

**Предмет: Коментари на Предлог на Закон за рударство**

Дата: 27.08.2025

Генерална забелешка 1: Предлог Законот во многу аспекти предлага усогласување со Актот за критични минерални суровини на ЕУ, но тој Акт е направен единствено за бенефит на ЕУ, нејзините членки и нивните економии и нема никаква врска со не-ЕУ земји. Република Северна Македонија нема никаква обврска по никаков основ да го транспонира овој Акт во нејзиното законодавство. Ова особено не смее да се случи на ваков начин со кој се еродираат постапките од други закони, како Законот за животната средина, Законот за водите и Законот за заштита на природата, за кои пак земјата има многу јасни обврски да ги пренесе во законодавството и да ги спроведува доследно.

Генерална забелешка 2: Нацрт - Законот за концесии на добра од општ интерес е во процедура од 2022 година, и во текстот се спомнува како основен закон за доделување концесии (додека во постојниот закон истото е регулирано со законот за концесии и јавно приватно партнерство). Нацрт-текстот на овој закон се повикува на Законот за концесии на добра од општ интерес кој сеуште не е усвоен и не е дел од внатрешното законодавство.

Генерална забелешка 3: секаде каде што пишува „коритата и бреговите на површинските водни тела (водотеци, езера и акумулации)“ да се измени со „коритата и бреговите на површинските водни тела и крајбрежен заштитен појас (водотеци, езера и акумулации)“.  -крајбрежен заштитен појас како што е дефинирано во чл.131 од Закон за заштита на водите

Генерална забелешка 4: Специјални закони како предлог Законот за рударство не смеат да содржат ослабување или промена на одредбите од хоризонталното законодавство како што е Законот за животна средина и постапката за ОВЖС. Стратешката важност на одреден проект нема врска со неговите влијанија врз животната средина и тие влијанија мора да бидат одредени и спречени/намалени согласно постапката утврдена во Законот за животната средина. Предлог Законот за рударство исто така содржи одредби со кои одлуки поврзани со постапката за ОВЖС се делегираат на тела што не се од ресорното министерство што може да доведе до конфликт на интереси и институционална пристрасност во корист на одобрување на проекти чие влијание врз животната средина не е соодветно утврдено. Ова влијае и на вклучувањето на локалните заедници, јавноста, експертите и властите во процесот на носење одлуки за животната средина. Пример за вакви одредби се Чл. 50 ст. 3 со кои се предлага промена на постапката за ОВЖС, Чл.50 ст.6 со кој се скратува времето за носење одлука за ОВЖС, Чл. 51 со

кој се дава одлучувачка моќ во оваа постапка на Комисијата за признавање на стратешки пректи, и други.

Генерална забелешка 5: предлог Законот за рударство значително го ограничува учеството на јавноста, пред се во делот на утврдување на листата на стратешки проекти, но и во делот со постапката за ОВЖС. Учеството на јавноста не само што треба да е дозволено во овие постапки, туку треба да е проактивно и поддржано од институциите за да обезбеди навремено, отворено, пристапно и информирано учество на јавноста.

Генерална забелешка 6: предлог Законот иако наводно носи усогласување Актот за критични минерални суровини, поради образложението дадено во генералната забелешка 1, носи неусогласеност со многу одредби од други закони во земјата, но и со Уставот. Голем дел од предлог Законот е контрадикторен со Законот за животната средина, Законот за заштита на природата, Законот за водите, Законот за квалитет на воздухот, законите од секторот за управување со отпад и други.

Генерална забелешка 7: Во предлог Законот во голема мера недостасуваат механизми за спроведување и казнување и е слаб во однос на дефинирање одговорности за кумулативни и долгорочни штети. Детални одредби за спроведување, мониторинг и казнување мора да бидат вклучени тука и во други релевантни закони.

Генерална забелешка 8: Секаде во законот каде пишува Заштита на животната средина да се дополни со „и климата“ и да гласи „Заштита на животната средина и климата“ во согласност со Стратегијата за климатска акција.

Чл.8 Треба да пропише забрана за постапки со лужење или флотација на метални минерални суровини со цијаниди или со сулфурна киселина во рудници со отворен коп и за веќе постојните рудници со оставен период за примена на други технологии.

Чл.17  Ст.11 Во случај кога е поднесено барање за доделување на концесија за експлоатација треба да се обезбеди дека ЕЛС го информирало и земало во предвид мислењето на локалното население.

ст.21 Владата може да не донесе одлука по барањето за доделување на концесијата за експлоатација и во случај кога тоа е противно на усвоени релевантни стратегии и планови на Државата (стратегија за развој на енергетиката, стратегија за геолошки истражувања и минерални суровини, стратегија за климатска акција и сл). Исто и во чл.18 и чл.19.

Чл. 20. ст.2  да се додаде и заштита на животната средина и климата.

Чл. 27 Согласно законот за води не смее да се врши експлоатација на минерална суровина - песок и чакал, а оттука не смее ни да се продаваат експлотираните суровини, членот е противен на чл.131 од Законот за водите

Чл. 43 ст.2 - несоодветен како законска одредба, би било добро да се изостави

Чл. 43 во целост е образложение за потребата за донесување на законот. Овој член нема врска со остатокот од законот и неговата намена.

Чл. 46 ст. 11-15 - обработува постапка што се случува во Европската Комисија и содржи одлуки (управни акти) што не се носат во Република Северна Македонија. Ваквите одредби се спротивни на Уставот и треба да се избришат.

Чл. 49 -  овој закон да не се повикува на конкретните членови, кои подоцна можат да бидат предмет на измени и дополнувања. Толкувањето за прашањето што не е во согласност со законот за заштита на природата и законот за води да остане отворено/слободно за толкување. Вака е рестриктивно и може да предизвика негативни последици.

Чл. 50 ст. 6 - не е јасно која Директива? Дополнително, повикувањето на конкретни одредби кои во иднина ќе бидат предмет на измени и дополнувања нема да кореспондираат со овој закон. Да се спомне конкретно делот од законот за животна средина кој го уредува предметното прашање т.е. Членовите 85-90 за ОВЖС

Чл. 51.1, 51.6 и 51.8  да се повикаат на делот од законот за животна средина кој го уредува предметното прашање т.е. Членовите 85-90 за ОВЖС

Ст.8 Временската рамка за консултирање со засегнатата јавност треба да биде најмалку 60 дена. Станува збор за стручна и тешка за разбирање терминологија заради што е потребен поголем период на консултирање.

Чл 52 да се додаде нов став дека при планирањето треба да се земат во предвид усвоени релевантни стратегии и планови на Државата (стратегија за развој на енергетиката, стратегија за геолошки истражувања и минерални суровини, стратегија за климатска акција и сл).

Чл.86 Предлагаме санација и рекултивација на просторот за време на експлоатација, изведувањето на рударските работи и работи од преработка на минерални суровини, како и по нивното завршување да биде обврска на концедентот (преку одговорни органи и агенции) а да биде на трошок на концесионерот. Праксата покажува дека концесионерот најчесто санацијата и рекултивацијата ја спроведува несоодветно и на штета на животната средина и локалното население.

Чл. 93.ст. 6 да се води единствено под А категорија со оглед дека се работи за големи проекти со висок потенцијал за прекумерна штета.

Чл. 99. ст. 5 да се консултираат експерти од соодветната област во однос на концентрацијата на цијанид

103 - нејасно е одредувањето на висината на финансиската гаранција т.е. Дали ⅓ е доволна сум за да се покријат штети?

ст.2 - да се зголеми рокот од 15 дена за поднесување на коментари од страна на јавноста на 60 дена.

ДЕЛ IX Предлагаме да се дуплираат износите наведени во прекршочните одредби за да се избегне плаќање на половина казна во рок од 7 дена.

ДЕЛ X Се предвидува дека сите досегашни процедури ќе се водат по сегашниот закон, а не по новиот. Ова нема да влијае на досегашните проблеми да се решат позитивно, особено проблемите со предизвикување на значителна штета по животната средина и локалното население од постоечки рудници.

Чл. 136 рокот за постапување од страна на концесионерите е предолг и треба да се скрати.

Со почит,

Еко-свест

Елена Николовска, elena@ekosvest.com.mk

Програмски координатор за клима